# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 10.09.2026 ГОДИНА<br>БРОЈ 12 ГОДИНА 2026<br>КРИВОГАШТАНИ | Трезорска сметка на Буџет на општина 739014068163019<br>Народна банка на РМ ЕДБ 4021004146176 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 33 став 1 алинеја 2 од Статутот на Општина Кривогаштани ("Службен гласник на Општина Кривогаштани"бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Градоначалникот на Општина Кривогаштани донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за прогласување на Одлука за преземање на финансиски долг на ЈП„Пелагонија“ Кривогаштани**

1. Се прогласува Одлуката Одлуката за преземање на финансиски долг на ЈП„Пелагонија“ Кривогаштани што Советот на Општина Кривогаштани ја донесе на седницата одржана на ден 10.09.2026 година.

2. Одлуката за преземање на финансиски долг на ЈП„Пелагонија“ Кривогаштани ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кривогаштани".

Бр.09-1182/2
10.09.2026 година

Градоначалник на
Општина Кривогаштани
Игор Каравилоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ,, бр.202/24) и член 17 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Кривогаштани („Службен гласник на Општина Кривогаштани“ бр.3/11, 17/14, 10/16, 14/16, 6/19 и 9/23), Советот на Општина Кривогаштани на седницата одржана на ден 10.09.2026 донесе:

## **О Д Л У К А**
**за преземање на финансиски долг на ЈП„Пелагонија“ Кривогаштани**

Член 1

Со оваа Одлука се одлучува да се преземе финансискиот долг кој го има ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани кон ЈП за водоснабдување ,,Студенчица,, Кичево во износ од 505.757.00 денари.

Член 2

Преземањето на финансискиот долг кој го има ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани кон ЈП за водоснабдување ,,Студенчица,, Кичево се врши бидејќи сметката на ЈП ,,Пелагонија,, Кривогаштани е блокирана, а со цел претпријатието да може да ја извршува својата основна дејност-снабдување со вода за пиење на населението и одведување и прочистување на отпадни води.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кривогаштани“.

Бр.08-1180/3<br>10.09.2026 година

Претседател на Совет на<br>Општина Кривогаштани<br>Андреј Ацески

**СОДРЖИНА**

**на акти донесени на 18-та седница на Советот на Општина Кривогаштани одржана на ден 10.09.2026 година и акти донесени од Градоначалникот на Општина Кривогаштани**

1.Заклучок за прогласување на Одлуката за преземање на финансиски долг на ЈП„Пелагонија“ Кривогаштани,
- Одлуката за преземање на финансиски долг на ЈП„Пелагонија“ Кривогаштани,

**Издава: ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ**
**Уредува:Одделение за правни, општи работи и јавни дејности**
**Тираж: 20 примероци**